ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# КИЧЕВО '94



КНЕЖИНСКИ МАНАСТИР
СВ. ЃОРЃИ

ИЗЛОЖБА ХОТЕЛ «КИЧЕВО»
11. 09. 1994



*Гордана* **ДАУТОВСКА**
(Куманово, 26. 10. 1970 год.)

Дипломирала на Факултетот
за ликовни уметности во Скопје

*4. Манастир, кола', пастел, молив, акрил, 77,5 x 57 см.*

***КИЧЕВО 94***

**ВОВЕДНИ БЕЛЕШКИ**

На картата ликовни колонии во нашата земја се набележува уште едно место : Кичево 94. Конституирањето и отпочнувањето со работа, на оваа најмлада ликовна колонија, е овозможено со спонзорството на РЖС ДОО «Тајмиште», посебно со залагањето на директорот Владимир Толески. Тие си поставија една основна цел : Кичево да добие посебна културна манифестација, да се продолжи својата духовна и уметничка традиција (тука е познатиот манастир Пречиста Кичевска од минатиот век, традиција на глинени производи академски образованите уметници итн.). Секако, тука се вбројува потребата за ширење на ликовната култура, со едукативни и други ефекти од практична природа. Тоа го потврдува фактот дека Македонија, иако мала земја, е вистински расадник на ликовни таленти и простор во кој владее постојан интерес за уметничкото творештво - нов феномен кој се развива на основата на една дулга традиција ( античка, средновековна, фолкорна).Оваа, прва година на организирање на ликовната колонија зедоа учество главно млади автори. Притоа, треба да се нагласи дека во сликањето превладеа онаа «слобода во однос на предметот», што значи селективно акцептирање на одделни елементи од непосредната околина - чудесниот природен амбиент на Кнежинскиот манастир ( кој се наоѓа воблизината на Кичево ), но со настојување да се воспостави една «своја стварност», стварност на имагинацијата и на чувствата. Оттука, пределите на ***Данчо Ордев*** во својата колористичка натопеност ја поседуваат карактеристичната поврзаност на предметна препознатливост но и на имагинативноста, сензибилно и вешто се изведени. Потоа, ***Гордана Даутовска*** изградува сензибилна сликарска структура, во основа апстрактна и со нежни дискретни бои.Таа умее "да гледа повеќе во себе отколку околу себе " извлекувајќи негде во тој склоп знаковна форма или контура на некој предмет. ***Часлав Марковиќ*** негува деликатен, кревок цртеж и со суптилни колористички градации ги гради поедноставените форми. ***Глигор Васков*** има прецизен цртеж, кога прави фотореалистички прецизен опис на предметот, но и кога оформува апстрактно-асоцијативни целини. ***Ангелина Дамјановска*** методично, во еден поскубистички манир на расчленување создава полуфигуративни претстави. ***Јагода Петковска*** користи боја во комбинација со разни материјали, како енформелни целини во кои се извлекува некаде рудиментарен знак со изразност на материјата. ***Славко Тренкоски*** ги обработува мотивите од околината со интензивни колористички созвучја, но и со доза на илустративност. ***Мирослав Крстески*** во поедноставен импресионистичко-фовистички манир ги обработува пределите од Кнежинскиот манастир. ***Валентина Лескароска*** работи во акварелна техника слободни фигуративни претстави. На тој начин ликовната колонија «Кичево '94 « донесе интересни и солидни ликовни резултати, што ќе ги обврзуваат и учесниците во наредните години.

Владимир Величковски

**СОВЕТ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА «КИЧЕВО»**

Владимир Толески - претседател, директор на РЖС ДОО «Тајмиште»
Д-р Панде Лазаров, член , заменик генерален директор на Електростопанство на Македонија
Радован Аѓелески - член, директор на ДО «Тане Целески»
Данчо Ордев - член, академски сликар, професор на ПА «Климент Охридски» од Скопје
Владимир Величковски - член, историчар на уметноста, кустос во Музејот на Македонија
Вукашин Бо'ински, член, ликовен педагог
Часлав Марковиќ - член, академски сликар
Мирослав Крстески- член, академски сликар



***Мирослав КРСТЕСКИ***
(Кичево, 2  6.1962 год.)

Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности - педагошки смер во Скопје.

*5. Селски мотив од Кнежина, масло врз платно, 73 x 54 см.*

***Глигор ВАСКОВ***
(Скопје, 7.12.1964 год.)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

*1. Манастирски импресии, лавиран туш, моливи во боја и пастел врз хартија, 49 x 69 см.*





***Ангелина ДАМЈАНОВСКА***
(Охрид, 12.6.1969 год.)

Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

*3. Композиција, масло врз платно, 73 x 54 см.*

***Часлав МАРКОВИЌ***
(Куманово, 10. 11.1062 год.

Дипломирал на Факултетот за ликовни уметност во Скопје - педагошка група.

*Кандиле, масло врз платно, 60 x 50 см.*





***Данчо* ОРДЕВ**
(Скопје, 7. 5. 1945 год.)

Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.

*7. Пејза‘на имагинација, акварел и пастел врз хартија, 62,5 х 44 см.- «94 07 28 «*

***Владимир* ВЕЛИЧКОВСКИ**
(Скопје, 7.5.1949 год.)

Завршил Филозофски факултет во Скопје и во Белград.

*2. Мотив од Кнежинскиот манастир, масло врз платно, 50 х 65 цм.*







***Валентина ЛЕСКАРОСКА***
(Кичево, 11. 11. 1966 год.)
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности- педагошки смер во Скопје.
*6. Ликови, акварел и пастел врз хартија, 53 x 45 см.*



***Јагода ПЕТКОВСКА***
( 20.3. 1959 год.)
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје - педагошка група.
*9. Свеќа, комбинирана техника врз хартија, 68 x 50 см.*

***Славко ТРЕНКОСКИ***
(Локвица, Македонски Брод, 14. 3. 1955 год.)
Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје.
*10. Кнеѓински импресии, темпера, пастел, јаглен, врз хартија, 68 x 46,5 см.*

печатница МИЛЕ - Скопје